# ПРОДОЛЖУВААТ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ,,WA-MBRELLA,,



Се продолжува со градежните активности за изведба на главен колектор за отпадни води за поврзување на село Тимјаник со канализациониот систем во Неготино во должина од околу 2000м.Вредноста на договорот изнесува 207.967евра.Согласно договорот работите би требало да завршат до крајот на месец Јули годинава, но поради новонастанатата ситуација со COVID 19 и ограничениот режим на работа и движење можни се евентуални потреби за продолжување на роковите утврдени со договорт. Изградбата на овој колектор е во рамките на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина со акроним wa-mbrella “ и истиот е финансиран со средства обезбедени од првиот повик од INTERREG програмата за прекугранична соработка Грција-Република Северна Македонија 2014-2020.Општина Неготино е проектен корисник 2,додека ЈП,,Комуналец,,Неготино е проектен корисник 4 во истиот проект.







